( Образец ПП......)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 04. 12. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 176 | | |

**До: Општина Битола**

**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од[redacted]

[redacted]

Се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1.Дали во надлеженост на Општина Битола е дел од асфалтниот пат над село Магарево, оној кој минува во почетниот дел на Националниот парк Пелистер, крај рампата каде се наплатуваат билети и стигнува до делот кај делницата за Голема Ливада, од каде пак, започнува патот што е во надлежност на Македонија пат?

2.Доколку тој дел од асфалтниот пат на Пелистер е под надлежност на Општината, колку е долга таа делница и каква е ознаката на овој локален пат?

3.Дали во последните три години Општина Битола вложила средства во одржување и реконструкции на патот над село Магарево, кој минува низ почетокот на Националниот

парк, крај рампата каде се наплаќаат билетии стигнува до делот кај делницата за Голема Ливада?

4.Доколку вложила пари на оваа делница, во колкава сума и за каква намена?

5.Колку изнесуваа буџетите на Општина Битола за 2023, 2024, и 2025 година?

6.Колку пари беа вложени во 2024 година за реконструкција на патишта, а колку во 2025 година?

7.Кои инфраструктурни проекти беа поддржани како капитални во 2025 година?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис (**ОВА)**
- д) друго ____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил **(ОВА)**
- д) друго ____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

**Во Битола ,03.12.2025 година**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за комунални дејности

Бр.11-176/2
04.12.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-176/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молиме за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил:
05.12.2025

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 19. 12. 2025
| Орг. един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 11 | 176/3 | | |

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**
Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр.32-1141/2 од 05.12.2025г.**

**До**
**Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

Во врска со барањето бр.11-176/2 од 04.12.2025г. доставено до Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште, кое се однесува на потреба од повеќе информации од јавен карактер, Ве известуваме следното:

Т.1- асфалтниот пат над с.Магарево до Голема Ливада е во надлежност на Општина Битола,
Т.2- должината на оваа делница изнесува 1.6 км,
Т.3- во последните 3 години општината континуирано работи на реализација на проектот за “Изградба на колекторски систем на делница Трново-Магарево до граница со НП Пелистер”, и “Реконструкција на коловоз на локален пат Трново-Магарево до граница со НП Пелистер”, но последната година активностите се застанати поради недонесување на потребна одлука од страна на Совет на Општина Битола.
Т.4- делницата која се посочува, не е стигната за реализација затоа што и претходат други фази.
Т.6- согласно Извештајот за реализација на програмите за 2024 г. за реконструкција на патишта во текот на 2024г реализирани се средства во износ од 118.862.419,00. Извештајот за 2025г. се носи во март 2026г.
Т.7- инфраструктурните проекти кои беа поддржани како капитални проекти во 2025г. се објавени во Програмата за развојни планови на Општина Битола за 2025-2027 година, и Програмата за уредување на градежно земјиште за 2025г. Истите се објавени во Службен Гласник на Општина Битола.

Со почит,

Изработил: Наташа Кочовска

Раководител на Одделение

Марјана Спасевска д.м.и.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Сектор за финансии

Бр.11-176/4
04.12.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-176/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молиме за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
17. 12. 2025
11 176/5

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за буџетска координација

До
Лице за посредување при остварување на слободен пристап
до информации од јавен карактер

Врска:20-02/175
Дата: 17.12.2025 година
Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа Барањето за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-176/1 од 04.12.2025, Ве информираме дека износот на Буџетот на Општина Битола за наведените години изнесувал:

- 2023 година 2.099.698.641 денари
- 2024 година 2.415.734.185 денари
- 2025 година 2.760.088.393 денари

Информациите за Основниот Буџет на Општина Битола и сите негови измени и дополнувања се јавно достапни и објавени на web страницата на Општина Битола.

Изработил:
К.Ѓ.

Раководител на одделение
за буџетска координација
Стефани Н. Димовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 327 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-176/6
19.12.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **04.12.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-176/2025** од **04.12.2025 година**, во врска со информации за асфалтниот пат над село Магарево.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-176/2025** од **04.12.2025 година**, во врска со информации за асфалтниот пат над село Магарево.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-176/1 од 04.12.2025.
2. Допис до Одделение за комунални дејности бр.11-176/2 од 04.12.2025.
3. Одговор од Одделение за комунални дејности бр.176/3 од 09.12.2025.
4. Допис до Сектор за финансиски прашања бр.11-176/4 од 04.12.2025.
5. Одговор од Сектор за финансиски прашања бр.176/5 од 17.12.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 19.12.2025 година, под бр. 11-176/6.

**Службено лице за посредување при остварување правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА